До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање на мислење во врска со спроведен Јавен оглас за работно место - Раководител на сектор за управување на пренос на природен гас врз основа на Одлука за потреба за засновање на работен однос. По распишаниот Јавен оглас доставена е пријава од еден кандидат, кој ги исполнувал посебните услови утврдени во Правилникот за организација и систематизација на работните места во НЕР АД Скопје.

Комисијата за спроведување постапка за засновање на работен однос, по разгледување на кратката биографија на единствената кандидатка утврди дека истата била во Одборот на директори на МЕР АД Скопје, сегашен НЕР АД Скопје.

Согласно наведеното, од ДКСК се бара мислење дали ќе настане состојба на судир на интереси, имајќи ги го во предвид член 8 став 1 и став 2, а во врска со член 47 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, доколку единствената кандидатка биде вработена на наведеното работно место.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“, бр. 12/19), го издаде следново:

МИСЛЕЊЕ

Државната комисија извести дека, согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во конкретната ситуација не постои судир на интереси, но во член 47 став 1 алинеја 1 од истиот закон е предвидено ограничување за вршење дејност по престанок на функцијата:

„(1) Службеното лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, не може:

- да се вработи во трговското друштво во кое вршел надзор или имал воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности.“

Согласно член 372 од Законот за трговските друштва, предвидени се овластувањата на неизвршните членови во вршењето надзор. Имено, неизвршните членови покрај овластувањата што со овој закон им се определени во вршењето на правото на надзор над водењето на работењето од страна на извршните членови, имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока.

Од друга страна, со извршениот избор за член на Одборот на директори на МЕР АД Скопје од страна на Владата на РСМ, кандидатката воспоставила договорен однос со ова трговско друштво.

Согласно наведеното, во конкретниот случај за кандидатката се применува наведениот член 47 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси согласно кој во рок од

три години по престанок на вршењето на јавните овластувања или должности, **не може** да се вработи во НЕР АД Скопје.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска